РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr 04-529/7
21.08 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Согласно член 28, став 2, точка 7 од Законот за Култура(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), како и член 23 од Статутот на НУ Оркестар за џез музика на РСМ, директорот на НУ Оркестар за џез музика на РСМ го донесе следното:

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

## ***За формирање на Уметнички Совет***

1.За разгледување на определени прашања од стручен карактерсе формира Уметнички совет на Оркестарот за џез музика во состав од следните членови:

- Кирил Кузманов на работно место Концерт мајстор,
- Гордан Спасовски на работно место Друг уметник прва група – џез пиано и
- Трајче Велков на работно место Концерт мајстор

вработени во Националната установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија.

2. Со седниците на уметничкиот совет претседава директорот на Оркестарот за џез музика.

3. Уметничкиот совет на Оркестарот за џез музика, ги врши следниве работи:

- Развива, спроведува и оценува годишни и месечни програми;
- Учествува во развивањето на буџетот на Оркестарот за џез музика, кој го прави директорот на установата;
- Дава предлози за градење на односи со други културни организации и партнери на Оркестарот за џез музика;
- Учествува во подготовка, организација и реализација на концертни - програми во согласност со планот за работа на Оркестарот за џез музика;
- Развива тематските музички програми,
- Учествува во дизајнирање на костими и реквизити;
- Извршува и други работи поврзани со програмата на Оркестарот за џез музика.

Ова Решение стапува на сила со денот на неговото донесување.

## ***Образложение***

Врз основа член 28, став 2, точка 7 од Законот за Култура(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), како и член 23 од Статутот на НУ Оркестар за џез музика на РСМ, директорот на НУ Оркестар за џез музика на РСМ се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Директор,

Гоце Стевковски